**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-_____/2**
**08.06.2018 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната Десетта седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 08.0562018 година (петок), во фоајето на Спомен домот АСНОМ со почеток во 14.00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Катица Трајкова Тасева
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевски
14. Кристи Стојковски

**Неоправдано** отсутен беше Николчо Ситновски.
На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Ошштина Делчево, Горан Трајковски и образлагачите на точките:Владимир Мерзликин, Анка Христова, Драган Балас, Горан Петровски, Маја Стоименовска и Ванчо Новоселски.
Седницата ја отвори и со истата претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево кој за 10.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред
-Усвојување на Записникот од Деветтата седница
на Советот на Општина Делчево

1.Предлог-Одлука за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Делчево;

**Образлагач:**Владимир Мерзликин**-**Раководител на Одделението за управување со човечки ресурси;

2. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година за периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 година;

**Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделението за финансии и буџет.

3.Предлог-Одлука за донесување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризци и опасности;

**Образлагач:**Драган Балас-Раководител на Регионален центар за управување со кризи-Делчево.

4.Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;

**Образлагач:** Горан Трајковски-Градоначалник на Општина Делчево.

5.Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на територијата на општина Делчево;
6.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-доградба на помошен објект по барање на Дејан Салтировски;

7.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Драганчо Спасевски;

8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Лимонка Десподова;

9.-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско стопанство по барање на Лимонка Десподова;

**Образлагач**:По точките 5,6,7,8 и 9- Горан Петровски-Советник за урбанизам

10. Предлог-Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

11.Предлог-Решение за именување на член на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;

12.Предлог-Решение за разрешување на член на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

13.Предлог-Решение за именување на член на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

**Образлагач**: По точките 10,11,12 и 13**-**Драган Маневски-Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори.

14.Предлог-Одлука за определување на имиња на улици во населба „Ѕвегорска Река";

15.Предлог-Одлука за определување на имиња на улици во населба „Пролет";

16.Предлог-Одлука за определување на имиња на улици во „Сервисна зона"

**Образлагач**: По точките 14,15 и 16- Маја Стоименовска-Соработник за управување со ГИС.

17.Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици првенци на генерацијата во општинските училишта;

**Образлагач**: Ванчо Новоселски-Советник за образование.

18.Предлог-Одлука за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и за збор се јави Сашко Ивановски кој побара да се дополни дневниот ред со точка во врска со одржувањето и грижата за изградените детски игралишта и спортски терени во периодот 2006-2016 бидејќи во нив се инвестирани државни и општински пари, а многу од нив се во лоша состојба.

Претседателот на Советот рече дека на крајот на седницата ќе има точка прашања и предлози и ќе може да се расправа во врска со оваа тема.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот на Советот предложи точката 18 да се повлече од дневен ред бидејќи Градоначалникот на Општината прави напори во врска со овој проект Општина Делчево да нема сопствено учество или истото да се намали и затоа предлага точката да се повлече, а дневниот ред да се дополни со други две точки-18.Предлог-Одлука за давање на користење недвижни ствари-канцеларија во општинска сопственост без надоместок на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево и точка 19- Прашања и предлози на членови на Совет;

Предлогот за измена и дополнување на дневниот ред беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен, односно со 14 гласа „ЗА“.

Претседателот отвори расправа по Записникот од Деветтата седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и Записникот од 9.седница на Советот на Општина беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои записникот од 10.седница на Советот на Општина Делчево.

**Прва точка-Предлог-Одлука за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Владимир Мерзликин-Раководител на Одделението за управување со човечки ресурси кој истакна дека оваа одлука се донесува врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа и член 17 став 1 и став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор. Со неа се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршувањето на  на задачите и другите прашања од значење на функционирањето на општинската администрација. Одлуката е по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево и според неа Општинската администрација на Општина Делчево се организира во сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица и тоа:

1.Сектор за финасиски прашања,во чиј состав спаѓаат:
1.1.Одделение за буџетска контрола и сметководство;
1.2.Одделение за локални даноци,такси,надоместоци и администрирање со имотот на општината;
1.3.Одделение за координација на јавните набавки;
2.Сектор за урбанизам,заштита на животната средина,комунални дејности,сообраќај и локален економски развој,во чиј состав спаѓаат:
2.1.Одделение за урбанизам,заштита на животната средина,комунални дејности,сообраќај;
2.2.Одделение за локален економски развој;
3.Сектор за правни и општи работи и јавни дејности,во чиј состав спаѓаат:
3.1.Одделение за правни и општи работи;
3.2.Одделение за јавни дејности;
4. Одделние за инспекциски надзор-Инспекторат;
5.Одделение за внатрешна ревизија;
6.Одделение за управување со човечки ресурси;
7.Територијална противпожарна единица (ТППЕ ); Доколку има прашања, повелете рече В.Мерзликин.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која праша дали и досега била истата организација, ист број на сектори и одделенија или не?

В.Мерзликин рече дека организациската поставеност на општинската администрација се разликува од досегашната. Имено, се додава уште еден сектор (претходно беа 2) и уште 2 одделенија на предлог на Градоначалникот на Општина Делчево.

Сашко Ивановски го праша образлагачот дали пред да се изготви оваа одлука е направена анализа и проценка од соодветни структури за потребата од проширувањето на општинската администрација со нови сектори и одделенија. Тој смета дека моменталната организациска поставеност е добра и нема потреба од проширување бидејќи моментално вработените добро си ја извршуваат својата работа.

Владимир Мерзликин рече дека согласно законските одредби Градоначалникот е тој што ја предлага организациската поставеност на општинската администрација и нормално дека Градоначалникот и службите во Општината направиле анализа за тоа дали има или нема потреба за нова организациска поставеност. Инаку, проширувањата со нов сектор и две одделенија бе апредвидени и со Годишниот план за вработување за 2018 година, истакна В.Мерзликин.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 4 “ПРОТИВ“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, оветот на Општина Делчево ја донесе

Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Делчево.

**Втора точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година за периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финансии и буџет која истакна дека извршувањето на буџетот на општина Делчево за првиот квартал 2018 година изнесува 24% односно од вкупно планираноте 275.056.000 денари приходи за првиот квартал се реализирани 65.579.281. Од нив, во Основниот буџет, од планирани 103.119.000 реализирани се 23.836.798 денари или 23%. Во буџетот на дотации од планирани 129.475.000 реализирани се 31.507.853 или 24,3% во буџетот на донации од планирани 22.555.000 реализирани се 8.431.497 денари и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани 16.907.000 реализирани се 1.803.133 денари. Ако се анализира основниот буџет ќе се види дека даночните приходи се наплатени во износ 6.412.903 денари од вкупно планирани 35.859.000 или 18%. Најголем процент на наплата има данокот на имот 1.931.241, даноците на специфичните услуги 3.712.338. Неданочните приходи се наплатени во износ од 352.859 или од вкупно планираните 5.677.000 или 6%-приходи од административни такси и надоместоци.

Капиталните приходи се наплатени во износ од 10.652.533 денари од вкупно планираните 18.409.000 или 58%, тоа се приходи од продажба на земјиште во износ од 1.051.627, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини 155.424, надомест од легализација во износ од 253.807.

Трансферите од други нивоа на власт се реализирани во износ од 15.557.544 од вкупно планираните 58.623.000 или 26%. Тука спаѓаат средствата добиени од дотации од приходи од ДДВ 6.418.503, како и др.трансфери од други нивоа на власт и трансфери од буџетите на фондовите во износ од 9.139.041 денари.

Вкупните расходи се планирани во износ 275.056.000 денари во ист износ како и вкупните приходи што е запазено буџетското правило за рамнотежа. Од нив се реализирани 61.211.078 или 22%. Во основниот буџет се планирани 103.119.000, а се реализирани 21.163.940 или 20%. На групата 40 се реализирани 5.384.816 од вкупно планираните 24.259.500 во нив влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци. Платите и надоместоците од плати се реализирани во износ 5.384.816 од вкупно планираните 24.259.

На групата 42 се реализирани 3.437.710 од вкупно планираните 24.930.500. На групата 46 се планирани 3.060.000 од кои се реализирани 659.984. Од нив за ЗГ на 62.500, трансфери до пол.партии 276.285, стипендии за ученици и студенти 176.000 и плаќање по судски решенија 111.199.00 денари. На групата 47 планирани се 700.000, а се реализирани 201.000, од низ за новороденчиња 78.000 и 123.000 еднократна парична помош. Во групата 48 – капитални расходи се реализирани 11.433.386 од планираните 48.892.000 и најголем дел од нив се исплатени за рек. На патишта и улици во износ од 10.119.861 (реконструкција на патот Делчево-Вратиславци-Очипала.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој ја праша раководителката дали останува развоен како и досега имајќи ја реализацијата на Буџетот во првиот квартал.

А.Христова рече дека имајќи предвид дека ова е извештај за периодот јануари-март 2018 година процентите на реализација се сосема задоволителни и буџетот за 2018 е развоен.

Славица Димитрова рече дека Буџетот за 2018 година, во првиот квартал е развоен само во делот на платите, даноци, додека има некои програми во кои реализацијата е нула.

Претседателот на Советот рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ не присуствувала на седницата кога се донесувал буџетот кога можеле да дадат конструктивни предлози за истиот.

Влатко Величковски рече дека прашањето на С.Ивановски е дали буџетот е развоен, и одговорот на раководителката е дека е развоен имајќи предвид дека е извештај за квартал 1 зимски период кога не можат да се изведуваат градежни работи. Нека помине и другиот квартал и ќе видиме каква е реализацијата, иако според мене овие проценти на реализација покажуваат дека е развоен.

Кирил Тренчевски ја праша раководителката зошто процентот на реализација на неданочните приходи е само 4%, што спаѓа тука?

А.Христова рече дека тука спаѓаат административната такса.

Билјана Ѓеоргиевска исто така праша на што се должи нискиот процент на ставката за неданочни приходи?

А.Христова рече дека процентот на реализација на неданочните приходи е низок бидејќи тука спаѓа и кредитното задолжување, кога ќе дојдат средствата од кредитот одат на кредитната сметка, а потоа на буџетската.

Дејан Георгиевски ја праша раководителката дали во споредба со претходните буџети има значително намалување во процентот на реализација во програмите и во делот на платите?

Раководителката А.Христова рече дека процентот на реализација на буџетот во првиот квартал е добар, имало и помали проценти на реализација.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“, Советот на Општина го донесе Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за периодот 01.01.2018 до 31.03.2018 година.

**Трета точка-Предлог-Одлука за донесување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности;**

Образлагач по оваа точка поднесе Драган Балас-Раководител на Регионален центар за управување со кризи-Делчево кој рече дека Процената на загрозеноста на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности (во понатамошниот текст Процена), која е во интерес на зајакнување на безбедноста на Општината и граѓаните кои живеат/ престојуваат на нејзиното подрачје, се предлага заради имплементирање на обврските од членот 5 од Законот за управување со кризи каде се регулира дека за потребите на општините регионалните центри за управување со кризи ја изработуваат, а општините (Советите на општините) ја донесуваат Процената на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општините и на градот Скопје, како и имплементирање на обврските од член 14 од “Уредбата за методологијата за изработа на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од Процената, каде е регулирано дека со одлука на Советот на општините, активностите за редовно ажурирање на Процените, координирани од надлежниот регионален центар отпочнуваат во текот на првиот квартал на годината.Денешнава Одлука е Одлука за ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.Ажурирањето се однесува на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности донесена од страна на Советот на Општината со Одлука бр. 09-936/1 од 31.07.2017 година.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Катица Трајкова Тасева рече дека во Резимето стои дека: во периодот од 2004 до 2017 година во вкупно 67 шумски пожари, опожарена е површина од 1.535,09 хекатри шума и изгорени се 80.555 м3 дрвна маса, при што е причинета директна материјална штета од 2.052.291.525 денари и праша дали сумата од 2.052.291.525 е точна, бидејќи во однос на површината навистина е висока оваа бројка.

Драган Балас рече дека проценката на штетата ја прави Македонски шуми според која штетата за изгорена дрвна маса на бор е 35.000 денари за м3, а за бука и даб 7.000 денари за 1 м3.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за донесување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности;

**Четврта точка-Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски претседател на Советот на Општина Делчево бидејќи моментално Градоначалникот не беше на седницата. Тој истакна дека Општина Македонска Каменица има доставено барање за меѓуопштинска соработка до Општина Делчево со кое бара вршење на работи и работни задачи во Одделението за инспекциски надзор-инспекторат овластен градежен инспектор. За регулирање на меѓусебните права и обврски на Општина Делчево и Општина Македонска Каменица ќе биде склучен Договор за меѓуопштинска соработка, согласно одредбите од член 29 на Законот за меѓуопштинска соработка, кој ќе биде потпишан од страна на градоначалниците на двете општини.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и Одлуката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица.

**Петта точка-Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на територијата на општина Делчево;**

Образложение по оваа точка поднесе Горан Петровски кој истакна дека оваа Програма се донесува на иницијатива на Градоначалникот на Општина Делчево со цел поставување на урбана опрема на неколку локации во градот Делчево. Сите позиции се детално опишани во Програмата. Ние како општина обработивме неколку места за поставување на урбана опрема (информативни табли, клупи, канти, рекламни паноа, билборди). Истите ќе бидат поставени во централното градско подрачје-кај семафорите, кај Стоковната куќа (Палма), во паркот кај бината, истакна Г.Петровски.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која рече дека и овојпат Комисијата за урбанизам не одржала состанок во врска со оваа точка.

Дејан Георгиевски-претседател на Комисијата за урбанизам рече дека Комисијата не одржала состанок од причини што материјалите по оваа точка биле доставени само 1 ден пред седницата.

Билјана Ѓеоргоевска праша дали има набавено канти/корпи за отпад во колкав број и на која локација истите ќе бидат доставени?

Горан Петровски рече дека не знае за точната бројка но кантите ќе бидат поставени на патеката Илин камен, во близина на училиштата, паркот, на улица „Кеј на осолободување".

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот ан Општина Делчево ја донесе Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Делчево.

**Шеста точка- Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-доградба на помошен објект по барање на Дејан Салтировски**;

Образложение по оваа точка поднесе Горан Петровски кој рече дека со оваа одлука утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-1197 од 26.08.2011 година, од страна на Дејан Салтировски ул.,, Ѓорче Петров" 8 Делчево , за бесправно изграден објект, Доградба на помошен објект, означен во елаборат како зграда бр.1 изграден на КП бр. 5158 запишани во имотен лист бр. 1849 КО Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-доградба на помошен објект по барање на Дејан Салтировски;

**Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Драганчо Спасевски;**

Образложение по оваа точка поднесе Горан Петровски кој рече дека со оваа одлука утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправен објект број уп I бр. 12-585 од 15,08,2011 година, од страна на Драганчо Спасевски ул. ,, 29 –ти Ноември,, бр,2 Делчево за бесправно изграден објект, викенд куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 4303/2 КО Делчево запишана во имотен лист бр. 10116, и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање. Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Викенд куќа по барање на Драганчо Спасевски.

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Лимонка Десподова**;

Образложение по оваа точка поднесе Горан Петровски кој рече дека со оваа одлука утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправен објект станебна куќа на Лимонка Десподова.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Лимонка Десподова;

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско стопанство по барање на Лимонка Десподова;**

Образлагач и по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам кој истакна дека и оваа одлука се однесува на Лимонка Десподова, а станува збор за помошен објект за селско стопанство.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше

затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско стопанство по барање на Лимонка Десподова;

**Десетта точка-Предлог-Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.**

Образложение по оваа точка поднесе Драган Маневски претседател на Советот на Општина Делчево кој истакна дека поради неспијливост на функцијата директор на ЈПКД „Брегалница" и член на УО на ЈПКД „Брегалница, Стојче Стојковски се разрешува од функцијата член на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА" и 4 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за разрешување на член на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

**Единаесетта точка-Предлог-Решение за именување на член на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;**

И оваа точка ја образложи Драган Маневски претседател на Советот и на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања кој рече дека за член на УО на ЈПКД „Брегалница" се предлага Ангелина Дончевска, дипломиран економист и сметководител со долгогодишно искуство.

Беше отворена расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој го праша образлагачот по кој критериум е избрана Ангелина Дончевска да биде член на УО на ЈПКД „Брегалница"?

Претседателот на Советот рече дека таа избрана бидејќи има долгогодишно искуство во областа на финансиите и сметководството и е истакнат и докажан сметководител.

Кирил Треернчевски рече дека е предложена токму таа бидејќи во УО на ЈПКД „Брегалница" има разни профили, но нема економист.

Славица Димитрова го праша претседателот дали има и некои други критериуми согласно законските прописи за некој да биде член на УО на јавното претпријатие?

Претседателот на Советот рече дека во Законот за јавни претпријатија имаше посебни критериуми за избор на членови на Управен одбор, но со последните законски измени веќе не се потребни.

Билјана Ѓеоргиевска праша кој го доставува предлогот за член на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"?

Претседателот на Советот истакна дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ одбила да достави предлог за член во Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница", инаку сите членови на Совет можат да доставаат предлог кој ќе биде ставен на гласање.

Сашко Ивановски рече дека тој би го предложил Кирил Тренчевски за член во УО на ЈПКД „Брегалница", а претседателот на Советот истакна дека предлогот е добар, но К.Тренчевски не може да биде член на УО на ЈПКД "Брегалница" бидејќи има конфликт на интереси-тој е член на Советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а Решението беше ставено на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 3 „ПРОТИВ" и 3 „ВОЗДРЖАНИ", Совето на Општина Делчево го донесе Решението за  именување на член на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

Дванаесетта точка-Предлог-Решение за разрешување на член на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

**Дванаесетта точка- Предлог-Решение за именување на член на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;**

Образлагач и на оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања кој рече дека УО на ОЈУДГ „Весели Цветови" брои 7 члена од кои 3 ги назначува Советот на Општината, односно основачот. Бидејќи Гордана Петровска се вработи во ОЈУДГ „Весели Цветови" има судир на интереси и се предлага да биде разрешена пред истекот на мандатот од член на УО на ОЈУДГ именуван од страна на Советот на Општината.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали вработувањето на Г.Петровска во градинката било законски бидејќи таа била член на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови"?

Претседателот на Советот истакна дека во моментот кога таа била назначена за член на УО на детската градинка не буила вработена во градинката. Со нејзиното вработување, согласно законските прописи има судир на интереси и затоа треба да биде разрешена.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА" и 4 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на член на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

**Тринаесетта точка-Предлог-Решение за именување на член во УО на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.**

И оваа точка ја образложи Д.Маневски -претсдеател на Комсијата за мандатни прашања, избори и именувања кој рече дека за член во УО на ОЈУДГ „Весели Цветови" се предлага Иле Колевски од Делчево, дипломиран правник.

Беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на член во УО на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за определување на имиња на улици во населба „Ѕвегорска Река";**

Точката ја образложи Маја Стоименовска која истакна дека има многу барања од граѓани за именување на улици во Делчево и затоа се изготвени овие одлуки за наслебите кои моментално се приоритет. Конкретно во населбата „Ѕвегорска Река" се именуваат следнве улици: „Михаил Апостолски", „Борис Трајковски", „Васил Главинов", „Св.Пантелејмон",„Јагодинска", „Кемал Ататурк" и „Султанија". Составен дел на оваа одлука е и скицата во која убаво се означени која улица до каде е. Морам да напоменам дека сите имиња на улици се од Листата која вие како Совет ја донесовте, а Владата на РМ даде согласност на истата. Доколку има прашања, повелете, рече М.Стоименовска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша кој ги определува имињата на улиците во кои наслеби кои имиња ќе бидат?

М.Стоименовска рече дека Градоначалникот со надлежните служби и службеници кои работат на таа област ги определуваат имињата по населби.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за определување на имиња на улици во населба „Ѕвегорска Река".

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за определување на имиња на улици во населба „Пролет";**

Во врска со оваа точка М.Стоименовска рече дека во населбата „Пролет" се именуваат следниве улици:„Цар Самоил", „Илија Такев Илиев", „Мајка Тереза". Исто така и на оваа одлука има графички прилог/скица.

Претседателот отвори расправа  и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за определување на имиња на улици во населба „Пролет".

**Шеснаесетта точка- Предлог-Одлука за определување на имиња на улици во „Сервисна зона";**

Образлагач и по оваа точка беше Маја Стоименовска-Соработник за управување со ГИС, која рече дека во Сервисна зона се именуваат следниве улици:„Крсте Петков Мисирков" „Димитрија Чуповски", „Наум Охридски".

Претседателот отвори расправа  и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за определување на имиња на улици во „Сервисна зона".

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици првенци на генерацијата во општинските училишта;**

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование, кој истакна дека секоја година Градоначалникот на Општина Делчево доделува стипендија на учениците првенци на генерацијата во општинските училишта. Стипендијата уенците ја добиваат 9 месеци, а износот е 3.000 денари за првенецот на генерацијата во СОУ „м.М.Брицо" и по 2.000 денари за првенците во основните училишта.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој праша колку месеци учениците ја добиваат стипендијата и дали имаат право на продолжување на истата?

В.Новоселски истакна дека стипендијата ќе се добива 9 месеци без право на продолжување бидејќи општината доделува и студентски стипендии по 2 критериума на која оние ученици што биле првенци можат да конкурираат.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање на користење недвижни ствари-канцеларија во општинска сопственост без надоместок на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево.**

Оваа точка ја образложи Т.Стоименовски кој рече дека Министерството за труд ис оцијална политика има поднесено барање до општината за давање на користење недвижни ствари-канцеларија во општинска сопственост без надоместок на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево. Канцеларијата се планира за остварување на правата од социјалната заштита на лицата со хендикеп.  Со оваа одлука се определува канцеларијата 5 во Стара општинска зграда, со површина од 19 м2.

Градоначалникот на Општина Делчево истакна дека Министерството за транспорт и врски земаат обврска оваа канцеларија да ја опремат и да вработат 2 лица.Канцеларијата ќе

биде наменета за остварување на правата од областа на социјалната заштита на лицата со посебни потреби. Како Општина секогаш ќе се залагаме за остварување на правата на лицата со посебни потреби и создавање на услови за полесен пристап до сите јавни услиги и во таа насока со донесувањето на оваа одлука излегуваме во пресрет на оваа категорија наши граѓани, истакна Градоначалникот на Општина Делчево.

**Деветнаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет;**

По оваа точка претседателот на Советот пред членовите на Советот го прочита Барањето од Славчо Десподов доставено до Градоначалникот и до Советот на Општина Делчево, во кое се бара од страна на Општина Делчево и Советот да се откупат 200 примероци од Монографијата на општина Делчево-Пијанец со цена 1000 денари за 1 примерок.

Во врска со ова Барање Градоначалникот на Општина Делчево рече дека споменатата Монографија е издадена со финансиска поддршка на Општина Делчево и Советот на општина Делчево кој во 2016 година донел Одлука за финансиска поддршка на Славчо Десподов. Според мои сознанија Општината има претходно откупено 27 примероци и 10 сега или вкупно 37. Имајќи предвид фактот дека како Совет и како општина го имаме поддржано финансиски издавањето на оваа монографија, сметам дека и авторот треба да понуди поприфатлива цена и во тој случај би можеле да откупиме уште некој примерок. Исто така, сметам дека авторот има право монографијата да ја понуди и на други институции, рече Градоначалникот на Општина Делчево.

Сашко Ивановски рече дека и ООУ „Ванчо Прке" кога тој бил директор има откупено неколку примероци од моографијата и би требало да се апелира и другите локални институции да откупат по неколку примероци бидејќи станува збор за капитално дело од роднокраен автор.

Во врска со неговиот предлог за дополнување на дневниот ред, даден на почетокот на седницата, тој рече дека Општината е должна да се грижи за објектите и тe рените направени во периодот 2006-2016. На многу детски и забавни паркови се искршени клупите, расипани се чешмите, искршени се покривите. Треба да се излезе на терен и да се направи записник, ако може нешто да се санира и поправи бидејќи не е во ред да се остават така.

Јулија Крстевска постави прашање до Зоран Кускински-овластен инспектор за сообраќај и патишта, кое гласи:
1. Дали и колку се почитува Одлуката за определување на тарифа на авто-такси превозот на подрачјето на Општина Делчево од страна на такси превозниците и што е преземено ако истата не се почитува од страна на инспекторот бидејќи имаме сознанија од граѓаните дека се уште се наплатуваат по 60 денари, а таксиметарот не се уклучува.

Ванчо Велиновски, постави прашање до ЈПКД „Брегалница" и Градоначалникот и тоа:
1.Да се исчисти дивата депонија кај манастирот Источен петок Балаклија, да се сменат светилките на уличното осветлување на ул. „Осоговска" и на други места каде светилките не светат.
Сашко Јовановски, даде предлог до Одделението за инспекциски надзор и ЈПКД „Брегалница"-Делчево кој гласи:
1.Да се исечат старите и суви гранки на дрвјата на ул. „Кеј на ослободување" и на другите улици во централното градско подрачје.

Дејан Георгиевски,постави прашање до Овластениот инспектор за сообраќај и патишта и урбанистичко-градежниот инспектор и тоа:
1. До каде е постапката во врска со барањето кое е поднесено од страна на граѓани кои живеат на ул. „Лика Чопова".Барање е поднесено во 2017 година, а се однесува за паркинг и регулација на дворна ограда. Оваа година има поднесно и ново,проширено барање.

Катица Трајкова Тасева, даде предлог до Одделението за урбанизам и до Градоначалникот на Општина Делчево кој гласи:

1.Да се постави „лежечки полицаец“ на ул. „Кеј на ослободување“ бидејќи се вози со голема брзина, а во близината има детски парк, шеталиште и градски парк, каде има голема фреквенција на мали деца, пензионери и туристи. Таа го образложи својот предлог и рече дека пред извесно време поради големата брзина со која воат возачите за малку некое дете ќе било прегазено во близина на паркот на таа улица.
Исто така, таа праша дали има шанси да се мијат улиците во ЦГП со вода?
Градоначалникот рече дека разговарано е со командирот на ТППЕ и му било кажано дека порано кога се миеле улиците тоа се правело со возило на ТППЕ. Општината и ЈПКД „Брегалница“ немаат соодветно возило за таа намена, се планира да се купи машина за метење на улиците. Останува да се разгледа можноста дали има услови за миење на улиците бидејќи кога се мијат со возилото на ТППЕ водата е под силен притисок и има опасност за кршење на прозорците на автомобилите паркирани на улиците.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 10.седница на Советот, заврши со работа во 16.00 часот.

**Записникот го водела,**
**Снежана Трајкова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Маневски**